Врз основа на член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки /„Службен весник на РМ„ бр. 136/07 и член 36 од Статутот на Општината Центар – Скопје/„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 1/06/, градоначалникот на Општина Центар, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на најповолна понуда во постапката за набавка на идејни решенија со преговарање**

1. За најповолна понуда за изработка на идеен проект и модел на скулптурите на Прохор, Доротеј, Ефтихиј и Михаил и Јован Зограф се избира понудата на Ангел Коруновски од Велес, доставена под број 08-2008/13 од 11.06.2010 година во износ од 15.000,00 евра за секоја скулптура или вкупно 75.000,00 евра во денарска противвредност, односно 4.612.500,00 денари.
2. Со носителот на набавката од точка 1 на ова решение ќе се потпише договор согласно доставената понуда и во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Решението за утврдување на потреба за јавна набавка со објавување на Конкурс за избор на идејно решение број 08-1646/1 од 27.04.2010 година, Комисијата за јавни набавки објави Конкурс и спроведе постапка за изработка на идејни решенија за изработка и поставување на скулптури на пешачки мост „Око" на реката Вардар во Скопје и врз основа на Извештајот на Жири комисијата за извршениот избор на конкурсните трудови за изработка и поставување на скулптури на пешачки мост „Око" на реката Вардар во Скопје, ги утврди конкурсните трудови на авторот Ангел Коруновски од Велес за изведба на скулптурите на Прохор, Доротеј, Евтихиј и Михаил и Јован Зограф.

Бидејќи според законот Авторот има исклучиво авторско материјално право за разработка на авторското дело - идејно решение за изработка на скулптури на Прохор, Доротеј, Евтихиј и Михаил и Јован Зограф, Комисијата за јавни набавки заедно со надворешните стручни лица, прибави понуда, со која понудувачот побара надоместок во износ од 15.000.00 евра за секоја скулптура или вкупно 75.000,00 евра. Во надоместокот се вклучени: авторскиот хонорар, материјалните трошоци за изработка на моделот, надоместокот за ангажираните лица и други трошоци.

Врз основа на доставената понуда, изготвен е Извештај од надворешните стручни лица и од Комисијата за јавни набавки со кој за најповолна понуда за доделување на Договор за изработка на идеен проект и изработка на скулптури, е оценета понудата бр.08-2008/13 од 11.06.2010 година на авторот Ангел Коруновски, во вкупен износ од 75.000,00 евра или во денарска противредност од 4.612.500,00 денари.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-2008/35
23.6 2010 г.
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
Владимир Тодоровиќ

Изготвил: Г.Мицевски
Контролирал: В.Петровски
Одобрил: Р.Савовски